22.12.2025
1401-76/6

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

### Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

# Записник од петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

21ви мај 2025
Хотел Холидеј Ин, Скопје

Арх.Бр. 20-13853/6
22.12.2025

## I. Листа на учесници

**Живко Брајковски** – Заменик Претседавач на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027.

Присутни членови на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:

1. **Перица Иваноски** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Виолета Михајлоска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Маја Лазареска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Александра Славковска** - Министерство за социјална политика, демографија и млади;
5. **Африм Шаини** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
6. **Ардиана Абази Рамадани** - Министерство за економија и труд;
7. **Евгенија Серафимова Кирковски** - Министерство за европски прашања;
8. **Пеце Стојковски** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
9. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина – УКИМ;
10. **Љупчо Михајлов** - Земјоделски факултет- Штип;
11. **Марина Нацка** - Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ;
12. **Перо Моцан** - Вина од Македонија;
13. **Биљана Митревска** - Национална федерација на фармери;
14. **Марина Тошески** - ЛАГ Агро Лидер;
15. **Сашо Крцоски** - Мрежа на млади фармери;
16. **Робертина Брајаноска** - Македонско еколошко друштво;
17. **Елена Младеновска Јеленковиќ** - Стопанска комора на РСМ;
18. **Петар Ѓорѓиевски** - Мрежа за рурален развој;
19. **Наташа Вртеска** - ЗЕЛС.

Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:

1. **Стојан Гацов** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Нуредин Исмаили** - Министерство за локална самоуправа;
3. **Дејан Котевски** - Министерство за култура и туризам;
4. **Јасминка Јанкуловска** - Министерство за транспорт и врски;
5. **Соња Ѓуровска**- Агенција за храна и ветеринарство;
6. **Гоце Серафимов** - Асоцијација на земјоделци;
7. **Миранда Ајдини** - Стопанска комора на северо- западна Македонија

Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:

1. **Зиго Рутковскис** - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Франк Болен** - Директорат за земјоделство и рурален развој.

Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:

1. **Рафаел Нивергелт** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
2. **Маргарита Делева** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија.

Претставници од НАО и НФ:

1. **Александра Симјановска** - Министерство за финанси;
2. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;
3. **Зорица Јосифоска Мерџаноска** - Министерство за финансии;

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ со ИПАРД):

1. **Виктор Младеновски** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
2. **Јасмина Хаџибулиќ** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
3. **Гордана Смилеска** - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
4. **Кирил Ристоски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
5. **Оливер Стефановски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
6. **Златко Колевски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Јагода Маринковиќ** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Габриела Петрова** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Александар Антески** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
10. **Душко Јакимовски** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. **Иса Имишти** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Саџиде Демир** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):

1. **Мевлан Морина** - Заменик Директор на АФПЗРР;
2. **Драгана Чолкова** - АФПЗРР;
3. **Владимир Христов** - АФПЗРР;
4. **Марија Благоева** - АФПЗРР;
5. **Соња Бојковска** - АФПЗРР;
6. **Јасна Јовановска** - АФПЗРР;
7. **Татјана Митковска** – АФПЗРР.

Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):

1. **Светлана Тодоровска** - Ревизорско Тело;
2. **Љубица Локвенец** - Ревизорско Тело;
3. **Филип Филиповски** - Ревизорско Тело;
4. **Семир Вели** - Ревизорско Тело;
5. **Милаим Абдураими** - Ревизорско Тело.

**Резултати: од вкупно 32 членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027, на четвртиот состанок учествуваа: претседавачот на комитетот, 19 членови и 7**

**заменици на членови,. Согласно член 8 став (3) од деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.**

*Листата на присутност на членовите од петтиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 е прикажана во прилог 1 од овој записник.*

*Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

## II. Дневен ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Време | Предлози за точки на дневен ред | Презентира: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 - 09:30 | Потврда за присуство на членови/заменици на состанокот и постигнат кворум за одржување на состанокот согласно деловникот за работа | ТУ со ИПАРД | |
| | 09:30 - 09:45 | Отворање на состанокот | Претседавач, Поздравни зборови претставник од одделение Г4, ГД за земјоделство, Европска Комисија | |
| 1 | 09:50 - 10:00 | Усвојување на дневниот ред | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 10:00 – 10:10 | Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III | Претседавач | Конечен записник |
| 3 | 10:10-10:20 | Информации за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 4 | 10:20-10:30 | Комитет за следење на ИПА<br>а) Следење, повратни информации од комитетот за следење на ИПА/ Секторски мониторинг комитет за конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој и енергетика | НИПАК | Презентирано на состанок |
| 5 | 10:30-10:50 | Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји | ГД за земјоделство | Презентирано на состанок |
| 6 | 10:50-11:10 | Дискусија/ одобрување на финален извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| 7 | 11:10 - 11:30 | Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027<br>а) Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење и табели и информација за подготовката на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2024 година | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 11:30-11:45 | б) Извештај за резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027<br>в) План на активности и повици во 2025 година (вклучувајќи и акредитација на нови мерки). | ИПАРД Агенција | ИПАРД Агенција извештај |
| | 11:45 – 12:00 | г) Информација за состојбата со акредитација на мерките од ИПАРД III Програмата | НАО, ИПАРД Агенција, ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 8 | 12:00 - 12:15 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата | НАО | НАО извештај |
| 9 | 12:15 - 12:25 | Информација за контроли<br>а) Контроли и направени ревизии<br>б) Следење на преземени активности<br>в) Годишен ревизорски извештај | ИПАРД Агенција/Ревизорско тело | ИПАРД Агенција извештај /РТ извештај |
| 10 | 12:25 – 12:35 | План за видливост и комуникација<br>а) Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2025 година | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 11 | 12:35 - 12:45 | Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027 | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 12 | 12:45 - 12:55 | Активности за техничка помош<br>а) Преглед на реализација на активности од АПТА 2025 | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 13 | 12:55 - 13:00 | Разно | Претседавач | |
| 14 | 13:00 - 13:10 | Предлози за дневен ред за следниот состанок/договор за нов датум | Претседавач | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

### Отварање на состанокот

Заменик претседавачот на комитетот, Живко Брајковски го отвори петтиот состанок на комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот.

Франк Болен, раководител на одделението Г4 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), го изрази своето задоволство од остварените резултати на ИПАРД 2 Програмата. Големиот број на барања од јавните повици во ИПАРД 3 Програмата, го докажува големиот интерес на барателите. Тој ги повика македонските власти да вложат поголем напор во однос на подобрување на имплементацијата на ИПАРД Програмата како и забрзување на постапката за склучување на договори и исплата на проекти. Она што беше посебно нагласено од негова страна е потребата од воведување на нови мерки и побара да се вложи поголем напор и забрза самиот процес. Како еден од клучните фактори за успешна имплементација на ИПАРД 3 Програмата беше наведено зајакнувањето на човечките капацитети и задржување на искусниот квалификуван кадар.

**Во врска со точка 1 од дневниот ред "Усвојување на предлог дневниот ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3":**

Членовите на комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го усвои дневниот ред за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3.**

**Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3":**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше дека записникот од претходниот состанок на комитетот одржан на 3[ти] декември 2024 година е доставен до членовите на комитетот на 23[ти] јуни 2024 година. До 8[ми] јануари 2025 година до секретаријатот не беа доставени коментари од членовите.

На 15[ти] април 2025 година до членовите е доставена ажурирана верзија на записникот согласно дадените насоки и коментари од претставниците на ЕК.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го разгледа и усвои записникот од претходниот, четврти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3 како конечен.**

**Во врска со точка 3 од дневниот ред: "Информација за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3".**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски, информираше во однос на одлуката донесена по пат на пишана процедура за измена на Акцискиот план за спроведување на активности финансирани од мерката техничка помош (АПТА) за 2025 година од ИПАРД Програмата 2021- 2027.

Претставничката на Стопанската комора на РСМ, Елена Младеновска Јеленковиќ посочи дека и покрај измените во Законот за земјоделско земјиште каде што договорите за закуп се продолжуваат во рок од 15 дена, состојбата на терен не била таква. Претставничката на МЗШВ, Виолета Михајлоска одговори дека процедурата е многу олеснета, односно, договорите веќе не се праќаат до Влада да поминат на седница на Влада и на сите тела на Владата. Согласно измените на Законот, постапката е многу пократка. Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски додаде дека во таа насока беа направени измени во Законот, односно да се забрза постапката и доколку претставничката на Стопанската комора има конкретни информации или анализа истата да ја достави до ТУ со ИПАРД.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3.**

**Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Комитет за следење на ИПА".**

**(а) Следење, повратни информации од Комитетот за следење на ИПА":**

Во врска со Комитетот за следење на ИПА, одржан на 2 април 2025, претставникот на Националниот ИПА Координатор, Евгенија С. Кирковски, информираше дека поради недостиг на вработени, обезбедување на оптималниот капацитет за спроведување на ИПА треба да биде соодветно планиран имајќи пред сè законска основа. Од голем интерес е донесување на Законите за администрација и Законите за вработени во јавен сектор кои спред реформската агенда се ставени на агендата за усвојување до крајот на оваа година. На состанокот на Секторскиот мониторинг комитет за конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој и енергетика кој се одржа на 21ви мај 2025 година, таа информираше дека била истакната потребата од зајакнување на ИТ секторот во МЗШВ за да може сите оние софтверски решенија кои се добиени како неповратна финансиска помош од ЕУ да се ставаат во функција и истите да се одржуваат. Најавени се доста проекти кои се во фаза на набавки.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

**Во врска со точка 5 од дневниот ред: „Информација за спроведување на ИПАРД во сите земји".**

Претставникот на ГД АГРИ, Зиго Рутковскис ги презентираше резултатите од спроведувањето на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 во земјите од западен Балкан и Турција. Тој ги пофали досегашните остварени резултати од спроведувањето на ИПАРД 2 кои се подобри од ИПАРД 1. Иако Република Северна Македонија е првата земја која објави повик за ИПАРД 3, се очекуваа подобри резултати. Со цел да се избегне губење на средства, тој истакна дека до крајот на 2025 година треба да се исплатат 6 милиони евра. ГД АГРИ ги информира сите ИПАРД земји дека нема да се дозволи префрлување на средства од мерки кои не се акредитирани (мерка 4, 5, 6 и 10) во веќе акредитирани мерки (Мерка 1, 3, 7 и 9). Доколку овие мерки не се акредитираат, средствата наменети за нив ќе се изгубат. За да не се изгубат овие средства, претставникот на ГД АГРИ испрати порака до македонските власти за забрзување на процесот на одобрување на барањата (вклучително и оние за исплата), зајакнувањето на човечките капацитети и задржување на веќе постоечкиот кадар, како и за забрзување на процесот на акредитација и спроведување на нови мерки.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски постави прашање до претставниците на ЕК во однос на тоа дали во иднина ќе биде дозволена реалокација на средства помеѓу веќе акредитирани мерки. Претставникот на ГД АГРИ, Франк Болен одговори дека таква реалокација е можна, но доколку во голема мера не се одразува на процентуалниот удел на мерките во вкупниот буџет на Програмата. Исто така е важно да се избегне нерамномерна распределба на буџетот меѓу мерките.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на спроведувањето на ИПАРД во сите земји.**

**Во врска со точка 6 од дневниот ред: „ Дискусија/одобрување на финален извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски на кратко ја презентираше неговата содржина. Овој извештај е претпоследна активност во однос на имплементацијата на ИПАРД 2, а како последна активност е екс пост евалуација на програмата каде независните евалуатори ќе дадат подетална проценка во однос на имплементацијата на ИПАРД 2 Програмата. Како заклучоци во однос на спроведувањето на Програмата беа наведени:

- Голем број барања и интерес за инвестиции во рамките на ИПАРД 2;
- Доброто познавање и информираност за можностите што ги нуди ИПАРД програмата меѓу потенцијалните корисници придонесе за голем број барања;
- Координацијата меѓу ИПАРД структурите може да биде подобра, особено во однос на размената на податоци меѓу ИПАРД Агенцијата и ТУ со ИПАРД, потребно за следење и евалуација;
- Релативно бавен процес на одобрување на барањата;

– За да се справи со проблемот со добивање референтни цени, ИПАРД Агенцијата воведе „комисија за евалуација на референтни цени".

Во однос на поголемиот интерес и успех на видовите инвестиции за набавка на опрема во однос на инвестициите во градежништво и реконструкција, анализите на ТУ со ИПАРД покажуваат дека промените во законот за земјоделско земјиште (со кои се дозволува изградба на земјоделски објекти на земјоделско земјиште без трансформација на земјиштето) и подготовката на Упатството за постапката за изградба на објекти на земјоделско земјиште, имаа позитивно влијание, но за подобрувањето на состојбата ќе треба да се преземат дополнителни активности.

Трендот на откажување на веќе склучени договори продолжи. Според анализата, ова откажување на договори е резултат на глобалниот тренд на инфлација и зголемувањето на цените на суровините, опремата и услугите. Долгиот временски период потребен за реализација на инвестициите само дополнително ја влошува ситуацијата, овозможувајќи поголемо негативно влијание врз реализацијата.

Во однос на прашањето на претставничката на МЕД, Робертина Брајаноска за причините за нереализирани инвестиции, претставникот на ИПАРД Агенцијата, Владимир Христов наведе неколку причини:

– Covid пандемијата,
– обезбедување на соодветна финансиска поддршка од страна на корисниците,
– неможноста да се набави опрема од страна на крајните корисници (опрема која се прави по нарачка),
– покачување на цените на опремата предмет на набавка
– неподнесување на барање за исплата.

Согласно Секторската спогодба која РСМ ја има потпишано со ЕК, финалниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020 Програмата, ќе биде доставен до претставниците на ЕК најдоцна до 30ти јуни 2025.

Во однос на оваа точка беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД го разгледа и усвои финалниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Состојба со спроведување на ИПАРД 3 Програмата".**

**Во врска со потточка 7 (а) од дневниот ред: "Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење и табели и информација за подготовката на Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2024 година":**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски информираше дека годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 3 Програмата за 2024 година е сè уште во фаза на изработка и истиот ќе биде доставен до членовите на Комитетот на усвојување по пат на пишана процедура.

Согласно Секторската спогодба, извештајот треба да бидат доставен до ЕК најдоцна до 30[ти] јуни 2025 година.

Земајќи во предвид дека овој извештај е во фаза на изработка, г-дин Младеновски презентираше општи информации за спроведување на ИПАРД 3 Програмата врз основа на индикатори односно податоци за следење. Она што беше истакнато од негова страна е дека е забележан силен интерес на земјоделскиот сектор и руралните средини. Поднесен е голем број на барања што силно влијае на процесот на одобрување на барањата во ИПАРД Агенцијата и истиот сè уште не е завршен. Процесот на одобрување на барањата трае долго поради големиот интерес, а заради добриот квалитет на барањата и надминатиот буџет на јавниот повик, почна да се применува постапка на рангирање на барањата.

Претставничката на Стопанската комора на РСМ, Елена Младеновска Јеленковиќ имаше забелешка во однос на долгиот период (во некои случаи и повеќе од 18 месеци) од аплицирање до потпишување на договор. Ваквата состојба предизвикува откажување на барателите што пак негативно се одрази на апсорпциската моќ на земјата.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД 3 Програмата преку податоци и показатели за следење како и Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027 за 2024 година.**

**Во врска со потточка 7 (б) од дневниот ред: "Извештај за резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027".**

Претставничката на ИПАРД Агенцијата, Драгана Чолкова детално ги презентираше резултатите од јавните повици 01/2023, 01/2024, 02/2024 и 01/2025 од ИПАРД Програмата 2021-2027. Долгиот процес на обработка на барањата се должи на големиот број на барања, недоволниот број на вработени во Секторот за одобрување на проекти во ИПАРД Агенцијата, како и прибирањето односно добивање на референтни цени. Иако во ИПАРД Агенцијата има нови вработувања, сепак за истите е потребна обука за да може да се вклучат во процесот на преглед на документација и одлучување по истата. Таа додаде дека базата за референтни цени може да се ажурира со податоци од јавниот повик 01/2023, што во иднина во голема мера ќе го намали потребното време за обработка на барањата и склучување договори. Во однос на планот за објавување на јавни повици, информираше за нов јавен повик за мерка 3 во септември 2025 година, за мерка 7 во декември 2025 година, а за мерка 1 следната година.

Претставникот на МЗШВ, Перица Ивановски побара во иднина ИПАРД Агенцијата да ги презентира своите податоци преку power point презентација со цел истите подобро да се согледаат. Во однос на ризикот од губење на средства тој постави прашање во однос на понатамошните чекори кои ќе бидат превземени со цел овој ризик да се намали. Претставничката на ИПАРД Агенцијата, Драгана Чолкова одговори дека во тој процес е вклучена целата ИПАРД структура. Разговарано беше и во ИПАРД Агенцијата и останатите институции нагласувајќи дека Агенцијата ги превзема сите чекори за да не дојде до губење на

средства. Претставникот на ИПАРД Агенцијата, Владимир Христов истакна дека тој ризик зависи и од надворешни фактори, односно барањата за поднесување на исплата информирајќи дека имаат барања за исплата кои што стигнале во последните две недели и се во фаза на обработка. За да се избегне губење на средства, тој потенцираше дека во овој момент, потребни им се барања за исплата. Апелираше до присутните на состанокот доколку некој има поврзаност со крајните корисници, да посочат да не чекаат крајни рокови за реализација. Г-дин Ивановски предложи да се најде начин да се контактираат тие корисници односно да се потсетат што побрзо да ја достават потребната документација во однос на барањето за исплата. Г-дин Христов одговори дека ќе се направи анализа во однос на тоа кога може да се очекува барање за исплата од одреден број крајни корисници за да може и Агенцијата да направи план за исплатите до крај на 2025/2026 година. Колку побрзо се започне со процесот на склучување на договори, толку побрзо би се започнало и со реализација на инвестициите и поднесување на барања за исплата и исплатата на средства. Г-дин Ивановски посочи што побрзо да се дефинираат проблемите и да се работи на нивно надминување. Тој предложи да се направи анализа од страна на ТУ со ИПАРД и ИПАРД Агенција во однос на тоа кои се проблемите (некои веќе беа изнесени на самиот состанок) и да се види која институција односно оперативна структура што треба да превземе. Претставничката на МЗШВ, Виолета Михајлоска ги повика претставниците на ИПАРД Агенција, ТУ со ИПАРД и НАО во блиска иднина да организираат состанок на кој што ќе се дискутира за проблемите како и активности за нивно надминување.

Во однос на долгиот период на обработка на барањата од повикот 01/2023, претставничката на НАО, Александра Симјаноска даде кратко објаснување во врска со состојбата со добивањето на референтните цени. Имено, кога ИПАРД Агенцијата склучува договор потребни и се референтни цени. Пред овој повик, повикот за Мерка 1 беше пред 4 години. Тие референтни цени се веќе застарени и после две години истите мора да се обноват. Како резултат на ова, за прviot повик требаше да се пристапи кон повторно прибирање на нови понуди односно нови референтни цени. Сега веќе базата е полна и нема да се повтори да се чека повеќе од една година за склучување на договор. Како друг фактор беше спомната листата на рангирање како и откажување на договорите. ИПАРД Агенцијата дојде до одреден момент каде што листата се замрзна за да може да се објави нов повик и одеднаш се откажаа 20 договори. Меѓудругото, тоа беше една од причините за губење на средства во висина од околу 8 милиони евра ЕУ дел во ИПАРД 2. Таа информираше дека од нивна страна на ИПАРД Агенцијата и беше предложено да изготви анализа на научени лекции која би била публикувана и истата ќе биде олеснителна околност за Секторот за одобрување на проекти, одобрување на исплати и контрола да имаат една слика каде се тие проблеми и потоа да се делува на истите.

Претставничката на Стопанската комора на РСМ, Елена Младеновска Јеленковиќ предложи да се разгледаат искуства од други ИПАРД земји кои се соочувале со слични проблеми и истите да се имплементираат кај нас.

Претставникот на Вина од Македонија, Перо Моцан постави прашање кога ќе се потпишат договорите со винариите за мерка 3 од повикот 01/2024, но имаше и забелешка бидејќи голем дел од таа опрема беше предвидена за бербата во 2025 и со ова доцнење на потпишување на договори корисниците нема да бидат во можност да инвестираат и да ја користат таа опрема.

Претставничката на ИПАРД Агенцијата, Драгана Чолкова одговори дека рангирањето е направено, штом ги добијат референтните цени, ќе ги склучат договорите. Во однос на доцнењето таа додаде дека барателите имаат право на анекс на договорот во однос на продолжување на рокот за реализација. Г-дин Моцан исто така имаше забелешка во однос на начинот на спроведување на рангирањето. Тој праша како е можно да се направи едно рангирање на проекти, да помине теренска контрола пред потпишување на договор кај рангираните проекти и после тоа да има повторно рангирање во кое што барателите кои имаа веќе помината теренска контрола се исклучени од новата ранг листа.

Претставникот на ГД АГРИ, Зиго Рутковскис го истакна и поздрави постигнатиот успех во ИПАРД 2 Програмата. Тој во своето излагање се осврна на неколку аспекти/проблеми на кои треба да се обрне внимание и да се работи на нивно надминување или подобрување. Во однос на организацијата на јавните повици беше посочено истите внимателно да се планираат бидејќи на располагање се 97.000.000 € кои треба да се искористат до 2030 и нема да има дополнителни средства. Во спротивно, може да се повтори состојбата при имплементацијата на ИПАРД 2 Програмата каде во текот на 3 години за некои мерки немаше јавен повик што може да резултира со губење на интерес кај засегнатите страни. Ја предложи можноста за објавување на план за објавување на јавни повици со цел заинтересираните баратели да имаат доволно време да се подготват. Тој додаде дека можеби е потребно е да се разгледа опцијата за продолжување на рокот на јавните повици, сметајќи дека на тој начин одреден број на корисници се привилегираат за разлика од оние кои на време ја подготвиле и доставиле потребната документација. Она што беше истакнато како посебна забелешка/критика е фактот што сè уште се работи на хартија и уште еднаш ја истакна важноста на е системот за аплицирање кој подразбира апликантот електронски да ја подготви и достави апликацијата. Во однос на човечките капацитети тој потенцираше дека ИПАРД структурите се соочуваат со недоволен број на вработени што во голема мера влијае на нејзината ефикасност. Потребен е квалификуван и обучен кадар но и нивно задржување преку јасна политика на унапредување. Тој ги повика ИПАРД структурите и засегнатите страни заеднички да дискутираат за проблемите и да работат на нивно надминување.

Претставничката на Европската Делегација во РСМ, Маргарита Делева информираше дека преку ИПА фондови се завршија и реализираа доста успешни проекти за забрзување на ИПАРД имплементацијата и системот за управување и контрола. Конкретно беше посочен предлог од твининг проект кој се имплементираше во Агенцијата. Според предлогот треба да се направи резервна листа при рангирање која ќе овозможи да се известат барателите кои добиле договор, а се замолуваат оние кои не се рангирани да го продолжат својот интерес бидејќи има можност некој од прворангираните да се откаже. Таа исто така информираше дека се реализираше и затвори проект од ИПА 2 за изработка на ИПАРД софтвер кој овозможува електронско аплицирање, и поднесување на барање за исплата, а исто така и генерира автоматски извештаи врз основа на интересот и буџетот кој ќе биде внесен во системот преку аплицирањето и плаќањето. Системот од технички аспект не е совршен, меѓутоа е добра основа за ИПАРД Агенцијата понатаму да ја надгради и примени.

Претставникот на ГД АГРИ, Франк Болен, во насока на зголемување на апсорпцијата, се осврна на предвремените плаќања и им предложи на ИПАРД властите, во консултација со банкарскиот сектор, да ја актуелизираат можноста за зголемување на предвремените исплати. Предвременото плаќање е еден од факторите кој придонесе Црна Гора да постигне добри резултати на крајот на имплементацијата на ИПАРД II Програмата. Тој предложи да се разгледа можноста од "over-contracting" (одобрување на барањата над сумата објавена во јавниот повик), со што би се намалило и влијанието на откажувањата на проектите и ризикот од губење на средствата.

Г-дин Брајковски информираше дека се подготвува трета модификација на ИПАРД 3 Програмата каде што посебно внимание ќе се посвети на целиот концепт на рангирање.

Претставникот на МЗШВ, Перица Иваноски предложи да се донесе заклучок во врска со проблемите при имплементација на ИПАРД 3 Програмата (со посебен осврт на ризикот од губење на средства) и соодветни мерки за нивно надминување.

Во однос на електронското аплицирање, претставничката на Европската Делегација во РСМ, Маргарита Делева предложи да се донесе заклучок ИПАРД структурата да изготви акциски план каде ИПАРД Агенцијата треба да се произнесе кои аспекти од процесот и недостасуваат и треба да се доработат. Во таа насока може да се разгледа можноста да се искористат средства од мерката техничка помош. Додаде дека има скрининг направен од ИТ ревизија на ГД АГРИ и тие наоди може да влезат во акцискиот план. Претставничката на ИПАРД Агенцијата, Драгана Чолкова одговори дека ИПАРД Агенцијата по добивање на финален извештај кој што ќе ги содржи и забелешките во врска со електронското аплицирање, ќе ги достави потребните информации.

Во врска со оваа потточка, беа усвоени следниоте заклучоци:

**Заклучок бр. 5: ИПАРД структурите да изготват акциски план во кој ќе бидат дефинирани проблемите при имплементација на ИПАРД 3 Програмата и соодветни мерки и активности за нивно надминување.**

**Заклучок бр. 6: ИПАРД Агенцијата и Делегацијата на Европска Унија во РСМ да ги разрешат разликите и несогласувањата во врска со имплементацијата на проектот „Прилагоден софтвер за интегриран административен и контролен систем (IACS)" – (EuropeAid/139016/DH/SER/MK) во кој е предвидено воведувањето на систем за е-аплицирање и по обезбедувањето на сите предуслови за воспоставување на системот, да се испита можноста за евентуална надградба/финализирање на истиот преку мерката за техничка помош од ИПАРД 3 Програмата.**

**Во врска со потточка 7 (в) од дневниот ред: "План на активности и повици во 2025 година (вклучувајќи и акредитација на нови мерки)".**

Претставничката на ИПАРД Агенцијата, Драгана Чолкова информираше дека јавен повик за мерка 3 се планира во септември 2025, за мерка 7 во декември, а за мерка 1 во текот на првиот

квартал од 2026 година. Мерката 6 е во фаза на акредитација односно, отстранување на недостатоци кои беа пречка за претходната акредитација.

Претставникот на НАО, Владо Караманолевски информираше за статусот со акредитацијата на Мерката 6 „Рурална јавна инфраструктура"

Г-дин Рутковскис уште еднаш ја истакна важноста на акредитацијата на нови мерки додавајќи дека секоја нова мерка го намалува ризикот од губење на средства.

Г. Ивановски предложи да се направи акциски план во однос на акредитацијата на новите мерки и истиот да се разгледува на секој состанок на Комитетот за следење на ИПАРД. Г. Брајковски одговори дека акредитацијата на новите мерки ќе биде посебна точка на агендата на наредните состаноци на Комитетот, а акцискиот план кој што ќе биде изработен од секоја институција поединечно составен дел на таа точка.

Г. Караманолевски и Г. Брајковски посочија дека главниот проблем во однос на ова прашање е недостаток на кадар.

Во врска со оваа потточка, беа усвоени следните заклучоци:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на планот на активности и повици во 2025 година (вклучувајќи и акредитација на нови мерки).**

**Заклучок бр. 8: ИПАРД структурите да изготват акциски план во однос на статусот со акредитација на нови мерки и истиот да се разгледува на секој состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3 Програмата.**

**Во врска со точка 8 од дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата".**

Претставникот на НАО, Владо Караманолевски информираше за административните капацитети во институциите од ИПАРД структурата. Со анализата за обем на работа за 2025 година потребниот број на вработени во ИПАРД структурата изнесува 194 вработени, а стапката на пополнетост на работни места изнесува 88% во однос на потребите за 2025 година. Недостатокот на кадар уште еднаш беше наведен како причина за доцнењето на акредитацијата на новите мерки. Потребно е сеопфатно суштинско решение за задржување на ИПАРД структурите.

Во однос на ризикот од губење на средства тој додаде дека користењето на предвремено плаќање во голема мера би го намалил тој ризик, меѓутоа за жал оваа алатка сè уште слабо се користи. Апелираше до присутните и сите кои можат да влијаат на барателите, што повеќе да се информираат и да го користат предвременото плаќање.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата.**

**Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Информација за контроли".**

**Во врска со потточка 9 (а) од дневниот ред: "Контроли и направени ревизии":**

Претставничката на ИПАРД Агенцијата, Соња Бојковска информираше во однос на извршените контроли на терен како и утврдените неусогласености при самите контроли. Г. Христов додаде дека ИПАРД Агенцијата ќе изработи упатство со најчести грешки кои што се утврдуваат при контролите на терен, што во голема мера би им помогнало на корисниците да не дојде до поврат на финансиската поддршка.

**Во врска со подточка 9 (б) од дневниот ред: "Следење на преземени активности":**

Претставникот на ИПАРД Агенција, Марија Благоева информираше за спроведените ревизии во 2025 година.

**Во врска со подточка 9 (в) од дневниот ред: "Годишен ревизорски извештај":**

Претставникот на Ревизорското Тело, Љубица Локвенец информираше во однос на превземените активности од страна на Ревизорското Тело во текот на 2025. Издаден е годишен извештај за ревизорска активност за 2024 година, како и годишни ревизорски мислења за ИПАРД 2 и ИПАРД 3 Програмата. Таа имаше забелешка во однос на недоволниот капацитет на човечки ресурси во ИПАРД структурите (особено, ИПАРД Агенцијата) и проблемите со системот за САП врз имплементацијата на ИПАРД.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучока бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишен ревизорски извештај.**

**Во врска со точка 10 од дневниот ред: "План за видливост и комуникација".**

**Во врска со потточка 10 (а) од дневниот ред: "Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет за 2025 година":**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД 3 Програмата, предвидени во годишниот акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД 3 Програмата година за 2025 година.

Во врска со оваа потточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за активностите од годишниот акциски план за комуникација и публицитет.**

**Во врска со точка 11 од дневниот ред: „Преглед на спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027".**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Душко Јакимовски ги презентираше деталите во врска со евалуацијата ИПАРД 3 Програмата. Финалниот извештај за Ex-post евалуација на ИПАРД 2 Програмата се очекува во периодот октомври/ноември 2025 година. Во однос на планирани активности за евалуација на ИПАРД 3 Програмата, во текот 2025 година планирана е работилница за зајакнување на капацитетите за евалуација и утврдување на очекуваните резултати и следствени активности (работилница) за зајканување на капацитетите за евалуација и утврдување на очекуваните резултати. Г. Брајковски информираше дека наодите од финалниот извештај за Ex-post евалуација на ИПАРД 2 Програмата ќе бидат презентирани на наредниот состанок на Комитетот.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за спроведување на Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2021-2027.**

**Точка 12 од дневниот ред "Активности за техничка помош".**

**Во врска со потточка 12 (а) од дневниот ред "Преглед на реализација на активности од АПТА 2025":**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2025.

Претставникот на мрежата за рурален развој, Петар Ѓоргиевски имаше забелешка во однос на последната измена на АПТА-та за 2025 година, односно отстранувањето на активноста „Стекнување на вештини за претставниците на потенцијалните ЛАГ иницијативи за спроведување на мерката ЛИДЕР пристап", за која смета дека е особено важна во процесот на воведување на ЛИДЕР мерката. Со оваа активност би се забрзал процесот на јакнењето на капацитети и вештините на претставниците на потенцијалните ЛАГови, како предуслов за успешно активирање на руралните заедници и ефективна апсорпција на средствата. ЛИДЕР мерката придонесува кон поголем просперитет на руралните средини, придонесува кон европска интеграција, но и социјалната кохезија. Со иземање на оваа активност, процесот ќе се забави и уназади, за воспоставување и јакнење на капацитетите на потенцијалните лагови, ќе го загрози успешното спроведување на ЛИДЕР мерката и апелираше оваа активност да се врати во АПТА-та. Претставничката на МЗШВ, Виолета Михајлоска предложи активноста да се пролонгира до периодот на започнување на процесот на акредитација на ЛИДЕР мерката, кога би се вклучила во АПТА-та и би се реализирала. Г-дин Рутковскис побара оваа активност да биде вратена во АПТА-та истакнувајќи дека нејзиното отстранување не беше соодветно образложено. Тој истакна дека со отстранување на оваа активност од АПТА-та се испраќа погрешна порака до засегнатите страни но и претставниците на ЕК заради превземената обврска на националните власти за спроведување на LEADER мерката. Иако не се знае кога ќе се достави пакетот за акредитација на новите мерки, важно е да се подготват засегнатите

страни, општините, потенцијалните лагови, фармерите, да се зајакнат нивните капацитети и знаењето во однос на тоа, како овие мерки ќе се имплементираат и што всушност ќе биде нивна одговорност. На овој начин, ќе се обезбеди ефикасно спроведување на мерката уште од самиот почеток. Тој, исто така, им посочи на националните власти да дадат образложение за какви било измени на АПТА- та во иднина.

Претставничката на МЗШВ, Маја Лазареска предложи средствата од мерката техничка помош да се искористат за надградба на системот за интегрирано административно работење и истиот да стане оперативен. Г-дин Брајковски и претставничката на Европската Делегација во РСМ, Маргарита Делева одговорија дека потребно е да се решат одредени предуслови за примена на е апликација. Г-дин Рутковскис повика ИПАРД структурите да организираат состанок заедно со претставниците на ЕУ Делегацијата во РСМ каде што ќе се разговара во врска со проблемите за функционирање на овој систем и истото да биде опфатено и во акцискиот план.

Во однос на набавката за организација на состаноци на Комитетот, Г-дин Рутковскис истакна дека приоритет на ИПАРД Програмата е да ги подржи руралните средини изразувајќи надеж дека наредната набавка за организација на 4 состаноци надвор од Скопје ќе биде успешна.

Г-дин Рутковскис предложи дека би било корисно да се размислува во правец на градење на капацитети за имплементација на мерката техничка помош за сите ИПАРД структури, бидејќи оваа мерка не се користи целосно. Истата предвидува многу можности за јакнење на капацитетите преку студиски посети, работилници итн. Иако постојат одредени аспекти кои се и понатаму нејасни за ИПАРД структурите, пожелно е истите да се решат и за таа цел би било корисно да се организира обука или состаноци со експерт. Тој покани да се организираат работилници и/или експертски посети за решавање на случаи каде што толкувањето на некои процедури за спроведување на мерката за техничка помош се разликува меѓу различни ИПАРД земји.

заклучоци:

**Заклучок бр. 13: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за реализираните активности од АПТА-та за 2025 година .**

**Заклучок бр. 14: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го задолжи Телото за управување со ИПАРД да ја измени АПТА-та за 2025 година и да ја вклучи активноста „Стекнување на вештини за претставниците на потенцијалните ЛАГ иницијативи за спроведување на мерката ЛИДЕР пристап", и да ја ревидира набавката „Организација на Комитетот за следење на ИПАРД – 4 состанока" во однос на местото на одржување.**

**Точка 13 од дневниот ред "Разно":**

Во однос на оваа точка, не беше покрената дискусија.

**Во врска со точка 14 од дневниот ред "Предлог на дневен ред за следниот шести состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум":**

Претседавачот информираше дека датумот за следниот состанок ќе биде договорен во согласност со достапноста на претставниците на ЕК.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027: | ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| **Борче Серафимовски** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ-SHKUP • I

**Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027**

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Борче Серафимовски Претседавач | МЗШВ | / | √ | Живко Брајковски | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Перица Иваноски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3 | Билјана Дамческа | МЗШВ | / | √ | Стојан Гацов | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5 | Виолета Михајлоска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6 | Евгенија Серафимовска Кирковски | Министерство за европски прашања | √ | | | 0 |
| 7 | Ардиана Абази Рамадани | Министерство за економија | √ | | | 0 |
| 8 | Елизабета Стојкоска | МЛС | / | √ | Нуредин Исмаили | 0 |
| 9 | Рефет Амети | МК | / | √ | Дејан Котевски | 0 |
| 10 | Африм Шаини | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Игор Мојаноски | Министерство за транспорт и врски | / | √ | Јасминка Јанкуловска | 0 |
| 12 | Александра Славковска | Министерство за труд и социјална политика | √ | | | 0 |
| 13 | Ѓоко Ѓорчевски | АХВ | / | √ | Соња Ѓуровска | 0 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Пеце Стојковски | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | / | / | | 1 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Елена Младеновска Јеленковиќ | Стопанска комора на Македонија | √ | | | 0 |
| 17 | Горан Ѓорѓиевски | Сојуз на стопански комори | / | / | | 2 |
| 18 | Билјана Петровска | Национална федерација на фармери | √ | / | | 0 |
| 19 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | / | / | | 1 |
| 20 | Наташа Вртеска | Заедница на единиците на локалната самоуправа | √ | | | 0 |
| 21 | Марина Нацка | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | / | / | | 2 |
| 23 | Љупчо Михајлов | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | / | | 0 |
| 24 | Марина Тошеска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 25 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 26 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | √ | | | 0 |
| 29 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | / | / | | 2 |
| 30 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | / | √ | Гоце Серафимов | 0 |
| 31 | Перо Моцан | Вина од Македонија | √ | | | 0 |
| 32 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | / | √ | Миранда Ајдини | 0 |
| 33 | Бардиљ Даути | Универзитет во Тетово | / | / | | 2 |
| | ВКУПНО: | | 27 | | | |

**Прилог 2: Листа на набљудувачи**

**Претставници на владини институции:**

- **Петар Андонов –** Агенција за поттикнување на развој на земјоделството;
- **Александар Димитровски-** МЗШВ;
- **Љубо Пено-** МЗШВ;
- **Елена Новачка-** Кабинет на Премиер на Влада на РСМ.